# ЕКОЛОГИЈА

**АПРИЛ 1999**

Месечноиздание за еколошка култура


## 5-ТИ ЈУНИ - СВЕТСКИ ДЕН НА ЕКОЛОГИЈАТА

5 Јуни е прогласен за Светски ден на екологијата. На тој ден 1972 година надлежните министри од речиси сите земји во светот се собраа во Стокхолм да ги разгледаат еколошките проблеми на Планетава и да се обидат да побараат можни начини и средства за нивно решавање. Во повеќедневната дебата се искристализирани заеднички ставови, препораки, мерки и решенија кои едногласно се прифатени од сите присутни.

„Природните богатства на Планетава, опфаќајќи ги: воздухот, водата, почвата, флората и фауната, а особено ретките примероци на природните еко-системи, мора да бидат зачувани, во интерес на сегашните и идните генерации, со помош на планирање и управување, примерно на потребите";

„Капацитетот на Планетава за создавање на неопходни обновливи богатства мора да биде зачуван и насекаде каде што е можно тоа, да биде обновен и подобрен... Необновливите богатства на Планетава мора да бидат искористувани на таков начин што нема да бидат загрозени од исчезнување и така добиен-



ите предности од нивната употреба да бидат распределени на целото општество", е заклучено на собирот.

Одбележувањето на овој значаен светски еколошки датум континуирано се одвива и во нашата држава со низа манифестации и акции со години.

Во овој број:


- АПЕЛ ЗА МИР 6
- ПРОМОЦИЈА НА НАШАТА БИОРАЗНОВИДНИСТ 10





- ВАЖНОСТА НА ВОДАТА ЗА ЖИВОТОТ НА СОВРЕМЕНИОТ ЧОВЕК 14-15
- ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ - ПРЕДУСЛОВ ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА 17





- БРНИЧКИ ВОДОПАД 18





- КАМПАЊА ЗА ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА 18
- ПОМРАЧУВАЊЕ НА СОНЦЕТО 23
- НОВ НАГРАДЕН КВИЗ 28

„Екологија" април 1999 год.



Природни убавини на Македонија

# БРНИЧКИОТ ВОДОПАД

Брничкиот водопад се наоѓа во Скочивирската клисура на Црна Река. До него се стигнува прво со автобус или со автомобил-кола, а потоа се продолжува пешки. Најкраткиот пат е Битола, с. Новаци, с. Суводол (денес РЕК-Б...тола), од каде што се искачувам... Преслап 920 м, потоа продол... ме кон с. Маково, с. Рапеш и т... спуштајќи се во долината на Цр... до мостот на Црна Река во месноста Брод.

Од мостот на Црна Река по десната долинска страна спротиводно пешки се упатуваме по пешачко патче кое наместа е густо покриено со жбунови, трње и друга вегетација. Меѓутоа, брзо забораваме на тоа, бидејќи атрактивноста и пријатниот изглед на клисурата нè обзема и ги исполнува нашите души со блесокот на убавините што ни ги презентира кањонот. Величественоста на ова дело на природата е во грандиозната големина претставена со височините кои чиниш одат до небото, височини кои на одделни места се и над 200, 300 метри. Погледот е немирен, час горе во височините, час долу во водите на Црна, а таа пак жубори, се пени низ бројните брзаци и каскади. И така по поминати 350 до 400 метри стигнуваме до една напуштена воденица и до мала рекичка - лева притока на Црна Река, односно до кратката, но живописна долина на Брничка Река.

За момент со широко отворени очи погледнуваме на сите страни со желби што повеќе да понесеме, да меморираме впечатоци од она што барем досега природата ни го презентира. Исполнети со впечатоци од атрактивноста на теренот, продолжуваме да се движиме по десната долина спротивно, но сега по Брничка Река, и веќе на одминати педесетина метри слушаме сè посилно жуборење на вода и лесно низ високата вегетација блеснува поголемо количество вода како се спушта низ високите карпести маси. Со кренати глави и занесени погледи се појавуваме немоќно пред гигантот што се испречува пред нас, немо, но затоа пак среќни дека сме стигнале до целта гордо го гледаме Брничкиот Водопад, природен феномен и мошне интересен за секој посетител.

Иако е скриен во ниска мешана шума од јасен, габер, даб и леска, со медитерански изменети карактеристики, сепак до водопадот многу лесно се стигнува. Неговата убавина е во тоа што водата слободно паѓа од 18 метри височина. Количината на водата е најголема во рана пролет до 100 л/сек, а најмала кон крајот на летото под 20 л/сек, а температурата е 14/15оС. Присуството на влага во воздухот во непосредната околина условила појава на мов и разнобојни цветови кои на пејсажот му даваат незаборавен колорит, прекрасна глетка. Водата е бистра, чиста без ниакво загадување и претставува слободно мрестилиште за рибите кои неповратно влегуваат во веќе речиси алармантно загадената Црна Река.



Непосредната околина и водопадот се пријатно место за одмор, за мало освежување. Место со посебна атракција и поради високите стрмнини што го опкружуваат. Водопадот според настанувањето претставува школски пример на раседни водопади. Тој е нем осаменик и сведок на бурните неотектонски движења кои се случувале пред милиони години во Скочивирската Клисура на Црна Река. Брничкиот Водопад, без сомнение, ако го посетите ќе ги исполни вашите души со впечатоци на сплет од најразлични атрактивности, со што ќе ви го исполни денот, а и сеќавањето за него, за пријатниот престој што сте го имале дружејќи се само еден миг со него.

И навистина, и за жал, Брничкиот Водопад ќе биде минато кога ќе се изгради на ХЦ „Чебрен„ на Црна Река и кога овој редок природен феномен ќе биде потопен од акумулационото езеро кое ќе се формира и засекогаш ќе ги потопи не само водопадот, туку и целата Скочиварска Клисура.

м-р Никола В. ДИМИТРОВ